Кандидати за ФСС ФЕИТ

**Прва година**

1.Ева Јакимовска

„Покрај докажаното искуство и посветеноста досега, секогаш има простор за нови можности, идеи и настани прилагодени за најразличните интереси на студентите на нашиот факултет кои вредат да се разработат“

Здраво здраво :D,

Со ова писмо ја изразувам мојата желба да станам дел од Факултетското студентско собрание при нашиот факултет, ФЕИТ. Јас, Ева Јакимовска, како студент во прва година запишана на Компјутерски технологии и инженерство, сметам дека оваа улога ќе ми овозможи не само да придонесувам за подобрување на студентскиот живот, туку и да ги применам моите знаења и искуства за развој на заедницата.

Како најнеодамнешно и најблиску искуство кое донекаде може да се поврза со оваа кандидатура е моето учество и во Ученичката Заедница на СУГС Гимназија „Орце Николов“. Три години ја извршував функцијата секретар во склоп на раководството на заедницата, каде што активно соработував со училишните власти, организирав настани и иницијативи, и ја застапував заедницата со одговорност и посветеност. Ова искуство ми помогна да развијам комуникациски, организациски и лидерски вештини кои верувам дека се клучни за оваа позиција.

Уште од самиот упис на факултет, бев активно вклучена во организациите на БРУЦОШКА@ФЕИТ, задолжена за маркетинг активностите кон истото, Отворениот ден и Кафе во дворче. Од друга страна ги информирав моите колеги-бруцоши за сите важни аспекти поврзани со почетокот на студирањето, со оглед на тоа што ни беа потребни многу насоки за тоа како да се вклопиме во нашето ново секојдневие. Дел од тоа беше и улогата на привремен претставник на генерацијата за време на првата колоквиумска сесија со цел сите новости навреме да стигнат до нас, студентите. Преку оваа активност имав можност одблиску да ги искусам задачите и одговорностите кои би ги носела и функцијата член на Факултетското студентско собрание, како и да ја увидам важноста на посветената работа за доброто на заедницата. Истовремено, стекнав контакти и со други студентски здруженија, како ИАЕСТЕ Македонија, познати на нашите простори чии можности несебично ќе ги споделувам со моите колеги.

Дополнително, сметам дека мојата мотивација, дисциплина и љубов кон тимската работа и воннаставни активности и здруженија би дале придонес. Ваквите ангажмани ми овозможуваат да запознавам нови луѓе, да учам од нивните искуства и да го проширувам својот поглед кон светот на личен и академски план.

Би сакала да се фокусирам на подобрување на комуникацијата помеѓу студентите и факултетот, како и на создавање на нови иницијативи кои ќе го направат студентскиот живот поинтересен и полесен за сите.

Ви благодарам.

Со почит,
Ева Јакимовска

2. Филип Стојановски

Почитувани колеги,

Со ова писмо ја изразувам мојата заинтересираност да станам дел од Факултетското студентско собрание на ФЕИТ.

Сметам дека со моето учество во ова собрание ќе можам да им помогнам на моите колеги и да бидам нивниот глас во реализирањето на нивните идеи и желби. Верувам дека ова е од голема важност за подобрување на студентскиот живот на нашиот факултет.

Мојата цел е да ги сослушам моите колеги и нивните идеи и да ги споделам моите предлози за подобрување на искуството на факултетот. Една од моите идеи е да се организираат повеќе работилници, каде што сите студенти ќе можат да се запознаат, да разменат мислења и идеи за подобрување на искуството на факултетот. Дополнително, би предложил организирање настани каде студентите ќе си помагаат едни на други во процесот на студирање и учење, преку споделување знаење и групно учење. Сметам дека ваквите активности ќе го направат студирањето полесно, поквалитетно и поинтересно. Често, како студенти на еден од најтешките факултети, имаме потешкотии со спроведување на рамнотежа помеѓу академскиот и социјалниот живот, а понекогаш и губиме мотивација. Групното учење, според мене, е одлично решение за ваквите предизвици, бидејќи помага во оддржување на социјалните врски, а воедно го олеснува и самиот процес на учење.

Поседувам добри организациски и комуникациски вештини, кои ги стекнав преку учество во тимски проекти и тимски спортови. Не се плашам да го споделам своето мислење и да пробам нови работи. Дополнително, имам искуство со решавање на проблеми и работа во динамична средина, што верувам дека ќе придонесе за успешна работа во ФСС.

Со почит,

Филип Стојановски

3. Олгица Јорданова

Почитувани,

Јас сум Олгица Јорданова, студентка од прва година на насоката Компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика, и би сакала да се кандидирам за член на студентското собрание на ФЕИТ.

Иако сум нов член на студентската заедница, сметам дека никогаш не е прерано за активно да се инволвираме во решавањето на клучните прашања на студентскиот живот. Од четиринаесетгодишна возраст учествувам во граѓански организации, што ми овозможи да стекнам значајни вештини и компетенции, кои сум подготвена да ги применам во целост за да придонесам кон унапредувањето на работата на нашето студентско собрание.

Како потпретседател на  GirlUp Штип во период од пет години и активен член на Младинска Банка, стекнав искуство во организација и управување со проекти, реализирање на иницијативи кои го подобруваат животот на луѓето околу нас, работа на терен на сите настани и, најважно, ја имав можноста да се оформам како подобра личност. Искуството како координатор на волонтери во мојот град ми даде можност да соработувам со студентските организации на Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, со што од средношколска возраст имам увид во важноста на активното членство во студентско собрание.

Мотивацијата да станам член на ФСС произлегува од мојата желба да им овозможам на моите колеги да се изјаснуваат за секој проблем и да ги истакнуваат своите потреби како студенти на ФЕИТ. Верувам дека при зголемена комуникација и директно вклучување на студентите во различни активности, се придонесува кон академски и професионален развој, но и стекнување на животни вештини и создавање на незаборавни спомени. Заедно можеме да изградиме инспиративна и пријатна средина, каде секој студент ќе може да го најде своето место и да се чувствува како важен дел од заедницата.

Ви благодарам на вниманието.

**Втора Година**

1. Димитар Назифовски

Почитувани,

Јас сум Димитар Назифовски, студент во втора година на насоката Компјутерски технологии и инженерство на Факултетот за електротехника и информациски технологии. Со ова писмо ја изразувам мојата искрена желба да станам дел од Факултетското студентско собрание.

Мојата мотивација да бидам дел од ФСС доаѓа од желбата да придонесам за подобрување на студентскиот живот на факултетот. Верувам дека преку активна работа во собранието ќе можам да го претставувам гласот на моите колеги, да се залагам за нивните права и да иницирам значајни проекти и активности кои ќе придонесат за позитивни промени.

Мојата цел е да ја унапредам комуникацијата меѓу студентите и раководството преку редовни средби и анкети. Дополнително, фокусот би го ставил на создавање нови социјални и културни активности кои ќе ја зајакнат студентската заедница, како и на решавање на проблеми на факултетот, за да се обезбедат подобри услови за учење и работа.

Сметам дека моите комуникациски и организациски вештини, стекнати преку волонтирање на повеќе настани, ќе ми помогнат успешно да се справам со предизвиците на оваа позиција. Моето досегашно искуство во разни организации ме научи како да работам во тим, да преземам иницијатива и да се справувам со различни ситуации. Мојата посветеност, желбата за континуиран напредок и способноста за креативно решавање на проблеми се главните мотиви кои ме поттикнуваат да се вложам целосно во оваа улога.

Ви благодарам за можноста и се надевам дека ќе ја оправдам вашата доверба.

Со почит,

Димитар Назифовски

2. Маја Наумоска

Почитувани колеги,

Моето име е Маја Наумоска и сум студент во втора година на Факултетот за електротехника и информациски технологии, на насоката Електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија. Со ова писмо ја изразувам мојата желба да се вклучам во составот на Факултетското студентско собрание на нашиот факултет.

Како човек кој го става образованието на пиедесталот на вредности кои сакам да ги достигнам, спремна сум постојано да вложувам во себенадоградување, да се борам за знаење и правда и да станам личност способна за создавање општествено корисни проекти и дела. Себеси се гледам како амбициозна личност со јасно поставени цели кон кои се стремам, посветена на она што го правам, работлива и продуктивна во најголем дел од времето.

Моето претходно искуство како активен член на Клубот на млади и Младинската заедница на гимназијата во која учев, улогата на Правобранител, како и координаторството за крводрителство, ми помогнаа да развијам организациски, комуникациски и лидерски вештини. Сметам дека овие искуства ми помогнаа да го сфатам значењето на тимската работа, праведноста и посветеноста – вредности кои се од суштинско значење за успешно претставување на студентите. Ми покажаа како да бидам одговорна, проактивна и фокусирана на резултати, но и како преку посветеност и заеднички напори најдобро да ги застапувам интересите на заедницата и да поттикнувам позитивни промени.

Мојата главна цел како член на ФСС е да поттикнам подобра соработка меѓу студентите и факултетот преку организирање на едукативни, културни и забавни настани, но и да придонесам за создавање академска средина која ќе ги инспирира и охрабри студентите да се развиваат и да ги реализираат своите потенцијали. Верувам дека студентските иницијативи се клучни за создавање поинклузивна и инспиративна академска заедница, па затоа ќе се залагам за нивно постојано проширување и унапредување. Сакам да создадеме платформа каде студентите слободно ќе ги изразуваат своите идеи и заедно да работиме на нивна реализација.

3. Теодор Тодоровски

Гледајќи ги досегашните активности на ФСС и делумно учествувајќи во нив како волонтер добив инспирација и огромна мотивација поактивно да учествувам во настаните и проектите подржани и организирани од ФСС.

Јас сакам да се посветам на зголемување на бројот на проекти во кои студентите директно ќе работат со професорите како и развивање на DIY. култура по дел од стручните предмети со цел по интерактивно и самостојно развивање и практично надградување на стекнатите знаења, еден вид на вонnаставни работилници.

Комуникативен сум, можам да работам во групи и под притисок.

Теодор Тодоровски

**<u>Трета Година</u>**

1. Викторија Пројкова

Јас сум Викторија Пројкова, студентка од трета година на Факултетот за Електротехника и Информациски Технологии, на насоката Компјутерски технологии и инженерство.

Досегашното искуство со ФСС ФЕИТ, СКЕЕОР, РОБОМАК и многу други организации и настани од нашиот факултет ме поттикна да бидам уште посигурна во она што го сакам, да бидам дел од студентската заедница која секојдневно придонесува за подобрување на студентскиот стандард.

Мотивацијата за мојата повторна кандидатура оваа година ја добив кога бев ангажирана за студент-демонстратор за консултации. Овој ангажман ми даде можност за зближување со студентите, а со тоа и да ја видам нивната желба за проактивност и да им бидам ветер во грб во текот на нивните студии. Би сакала да помагам во организирањето на интелектуални собири и разни настани каде сите ние ќе научиме нешто ново и ќе го подобриме студентскиот живот и дружби кои значително позитивно ќе влијаат на нас студентите. Сметајќи дека сум одговорна, креативна, добар организатор кој не само што дава идеи туку и истите ги остварува и тимски настроена личност која сака да се надоградува, сметам дека кандидирањето за член на ФСС е правилна одлука.

Секако, да се биде член на ФСС носи повеќе одговорности, но и стекнување со нови вештини. Да знаеш да се информираш, да се научиш да го слушаш и почитуваш туѓото мислење и така заедно да дојдете до некое решение. Да не се ограничуваш со идеи и да знаеш правилно, сликовито и со самодоверба да ги презентираш пред другите. Да се биде член на ФСС е токму она што би му резултирало успех на секој студент кој сака многу повеќе од само студирање, вклучувајќи ме и мене.

Со почит,

Викторија Пројкова

2. Бојан Димовски

Здраво!

Јас сум Бојан Димовски – студент во трета година на студиската програма КТИ и оваа година решив повторно да се кандидирам за член на Факултетското студентско собрание при ФЕИТ.

Организациите од ваков карактер се столб на студентскиот живот и клучен механизам за унапредување на студентските интереси и можности. Како кандидат за член на Факултетското студентско собрание, моја примарна цел е унапредување на комуникацијата студент-професор, пораст во број на настани од научно-забавен карактер и создавање средина во која сечиј глас е слушнат.

За време на мојот претходен мандат во студиската година 2022/23, како член на ФСС, се стекнав со искуство околу организирање настани од разен карактер, меѓу кои Science@FEIT 2023, Бруцошка@ФЕИТ 2023 и бројни работилници. Сметам дека вештините кои ги стекнав се од огромна корист и се алатка која имам намера да ја користам несебично со цел подобрување на студентскиот стандард.

Во текот на мојот претстоен мандат, мојата енергија планирам да ја насочам кон создавање позитивно студентско опкружување кое ќе овозможи размена на идеи и континуиран развој на студентската заедница.

Сметам дека како член на ФСС ќе можам да го застапувам интересот на студентите и заедно ќе се стремиме да го направиме ФЕИТ уште посплотен!

3. Дамјан Златановски

Велат, „Не жали се дека е лошо, направи да биде подобро.“ Како што ја започнувам третата година од своите додипломски студии, сè повеќе сфаќам дека и оваа животна етапа се приближува кон крајот. Токму сега, повеќе од кога било, чувствувам одговорност да ги вложам своите вештини, искуства и знаења во унапредување на студентскиот стандард и создавање проактивна студентска заедница на ФЕИТ и техничкиот кампус. Мојата активност во граѓанскиот сектор започна уште на 13-годишна возраст, оттогаш постојано се предизвикувам себеси да ги истражам сите можности што овој сектор ги нуди, за да го најдам своето место. ●Во 2021 година бев избран за Млад европски амбасадор со клучни области на делување: заштита на животната средина и уметност и култура.

● Во 2022 година активно учествував во креирањето на Националната стратегија за млади 2023–2027 во работните групи за младинско учество и образование.

● Во 2023 година станав дел од Global Shapers хаботот во Скопје, каде продолжив да создавам можности за младите да ги развиваат своите животни и професионални вештини надвор од формалното образование.

● Летото 2024 година го поминав во Пенсилванија, САД, како стипендист на Стејт Департментот, во рамките на програмата SUSI за студенти лидери од Европа, како единствениот македонец на Институтот за животна средина.

Мојата цел е стекнатите вештини, искуства и контакти да ги насочам кон организирање на настани за професионален и личен развој на студентите надвор од формалното образование. Како врснички едукатор сакам директно да ги пренесам своите знаења и искуства на колегите. Како застапник за подобрување на студентскиот стандард, посветено ќе работам на изнаоѓање долгорочни решенија за обезбедување на потребните алатки за учење и работа, достапни за секој студент на ФЕИТ.

Сега барам поддршка од вас, колеги, за заедно да ги претвориме зборовите во акција ида изградиме трајни вредности на ФЕИТ, кои ќе бидат од корист за сите нас и сите наши сегашни и идни колеги.

4. Каја Домазетовска

Добар ден почитувани студенти на ФЕИТ,

Јас сум Каја Домазетовска, трета година на ФЕИТ на насоката КСИАР и со големи амбиции да станам ваш претставник и глас во ФСС. Целта ми е да се залагам за промените коишто се неопходни за секој од нас студентите. Како и вие така и јас сум студент којшто честопати не знаеше каде да се обрати или како да се снајдете во некој делови во студирањето. Сите

ние се имаме најдено во ситуација каде што ни била потребна помош и не сме знаеле каде да ја најдеме. На пример запишување на нов семестар, промена на насока или паралелка, потребни документи за осигурување и бесплатно возење во јавниот градски превоз, но исто

така како и проблемите околу пронаоѓање на канцелариите на професорите или некој училници и простории, промена на датуми и термини за полагање за време на испити, стекнување на

стипендии, добивање на материјали со цел да се помогне во студирањето, стекнување на пракса итн. Сакам да го подигнам културниот свет и да поттикнам повеќе дружби меѓу студентите од нашиот факултет како што се „кафе во дворче“, гледање на филм на отворено, велосипедски излегувања, маратон и искачување на Водно, екскурзии и посети на компании, изложби, забави и многу други активности.

Учествував во многу невладини организации коишто ме научија да бидам добар слушател, да сум  дел од тим и работам во група, да бидам медијатор и посредник во решавање на проблеми. Моја доблест е ислушување, лесно можам да се ставам во чевлите на соговорникот и да ги согледам работите од нивната перспектива. Моите погледи се широки, ја согледувам ситуацијата од повеќе страни при што можам да понудам повеќе од едно решение во корист на секој студент. Со моето стекнато искуство од минативе години, верувам дека сум спремна одговорно да го преземам овој чекор и да го искористам моето знаење како член на ФСС при што ќе можам да ви се доближам на секој од вас и да го направиме факултетот и студентското собрание по транспарентно и повеќе студентско.

Со почит од вашата студентка и колешка,

Каја.

**Четврта Година**

1. Стефан Стефанов

Почитувани колеги,

Јас сум Стефан Стефанов, студент од четврта година на Факултетот за електротехника и информациски технологии, на насоката Електроенергетски системи. Со голема чест и ентузијазам ја барам вашата поддршка за мојата кандидатура како член на Факултетското студентско собрание на ФЕИТ. Верувам дека ова ќе биде одлична можност, активно да придонесам за подобрување на студентскиот живот, како и да ги поврзам студентите и нивните интереси со наставно-научниот кадар.

Изминатите три години директно и индиректно учествував како волонтер во поголем дел од настаните организирани од ФСС ФЕИТ, како на пример Science@FEIT, БРУЦОШКА@ФЕИТ или Кафе во дворче, па оттука произлегува и мојата мотивација да бидам член на ФСС. Сметам дека нашиот факултет има огромен капацитет, и би бил среќен доколку успееме да го прошириме знаењето преку активности кои се и надвор од предавањата.

Како член на студентското собрание ќе се залагам за одржување на образовните и културните настани, организирање на едукативни работилници и подобрување на комуникацијата помеѓу студентите и професорите. Исто така ќе се залагам и за промоција на волонтерски активности со цел да се зголеми солидарноста не само на факултетот, туку и во нашето општество.

Сметам дека по три години студирање, имам собрано доволно искуство и со тоа би бил соодветен кандидат за оваа позиција. Моите комуникациски вештини, како и наоѓање на креативни решенија во секојдневниот живот на студентите, ме прават компетентен да бидам член на ФСС ФЕИТ.

Со почит,
Стефан Стефанов

2. Максим Пановски

Здраво, јас сум Максим Пановски, студент од четврта година на Факултетот за електротехника и информациски технологии, запишан на насоката Компјутерско хардверско инженерство и електроника.

Верувам дека условите за студирање и квалитетната факултетска средина се основен предуслов за успешен академски и личен развој на секој студент. Можноста да бидам дел од Факултетското студентско собрание минатата година ми овозможи директно да придонесам за подобрување на студентскиот живот, што е доволна причина повторно да се кандидирам за членство оваа година.

Како претседател на комисијата за Култура во ФСС ФЕИТ, имав можност активно да се вклучам во планирањето и реализацијата на два од најзначајните настани кои ги организираше ФСС: конференцијата Science@FEIT и фестивалот Бруцошка@ФЕИТ. Овие искуства не само што ми дадоа увид во начинот на функционирање на една ваква организација, туку и ми помогнаа да се развијам како еден од нејзините лидери.

Моето учество во ФСС досега ми покажа дека ова тело претставува клучна врска меѓу студентите, наставно-научниот кадар и администрацијата на ФЕИТ. Доколку добијам повторно доверба од вас, моите колеги, ќе се залагам за дополнително зајакнување на соработката со компании и индустријата, со цел да се овозможат повеќе можности за пракса, менторство и професионален развој на студентите. Исто така, со оглед на значителниот пораст на бројот на новозапишани студенти, ќе вложам напори за одржување на овој позитивен тренд и следната година, преку активно промовирање на факултетот и креирање услови што ќе го задржат интересот кај идните генерации.

Искрено се радувам на можноста повторно да ве претставувам и да ги застапувам вашите идеи и потреби во текот на наредната година.

3. Павел Тасевски

Драги колеги,

Со голема желба и ентузијазам ја најавувам мојата кандидатура за член на Факултетското студентско собрание. Верувам дека заедно можеме да го подобриме нашето студентско искуство и да создадеме позитивни промени на нашиот факултет.

Зошто сакам да бидам дел од ФСС?

Сакам да бидам ваш глас и да работам за подобрување на студентскиот живот. Мотивиран сум да ја искористам мојата енергија и идеи за доброто на сите нас.

Мои цели и идеи:
Подобрување на комуникацијата:
- Воспоставување отворен дијалог меѓу студентите и факултетот.
- Создавање онлајн платформа или форум каде што студентите можат да ги споделуваат своите мислења, предлози и идеи, како и подобрување на меѓугенерациската комуникација.

Организирање на настани:
- Работилници, семинари и социјални активности кои ќе го збогатат нашето знаење и искуство.

Поддршка на студентски иницијативи:
- Создавање услови за реализација на вашите идеи и проекти.

Мои вештини и искуства:
- Критичко размислување и решавање проблеми
- Ораторски и социјални способности
- Способност за активно слушање и ефективна соработка

Спремен сум да ги искористам сите мои способности и искуства за успешно да ги исполнувам обврските како член на собранието. Ве повикувам да ме поддржите и заедно да го направиме нашиот факултет подобро место за сите нас!

Со почит,

Павел Тасевски

"Заедно да бидеме промената што ја посакуваме на нашиот факултет и во општеството.”

4. Дамјан Михајлоски

Почитувани,

Јас сум Дамјан Михајлоски, студент од четврта година на Факултетот за Електротехника и Информациски Технологии, смер Компјутерски Технологии и Инженерство. Со ова мотивациско писмо ја изразувам мојата посветеност и желба да продолжам да ја претставувам студентската заедница како дел од Факултетското студентско собрание.

Изминатата година беше исполнета со значајни предизвици и успеси, кои ме инспирираа да продолжам да работам во интерес на студентите. Како претседател на Комисијата за образование и наука, а подоцна и како в.д. претседател на ФСС, имав можност да учествувам во реализирање на проекти кои оставија траен отпечаток.

Особено ме радува трансформацијата на Science@FEIT, кој од локален настан се разви во тридневен меѓународен конгрес. Овој настан стана место каде што студентите добија пристап до практични искуства, се поврзаа со водечки компании и имаа можност да ги истражат најновите достигнувања во инженерството.

Од друга страна, Brucoshka@FEIT прерасна во вистински симбол на заедништво и креативност. Преку соработка со нови партнери и артисти, успеавме да создадеме настан кој не само што ги инспирира студентите, туку и ја збогати културната динамика на факултетот. Овој фестивал покажа дека ФЕИТ не е само центар на технички знаења, туку и на иновации и забава.

Сето ова искуство ме мотивира оваа година уште посериозно да се фокусирам на унапредување на студентската перспектива. Ќе продолжам да се залагам за креирање можности за професионален развој, зајакнување на соработката со индустријата и стимулирање на нови културно-едукативни иницијативи. Силно сум убеден дека преку таквите активности, можеме да создадеме средина каде што секој студент ќе се чувствува подготвен да го направи следниот чекор во својот развој.

Верувам дека студентите се најголемата сила на еден факултет. Затоа, како претставник во ФСС, мојот фокус ќе биде кон создавање на средина каде што секој студент ќе има можност да се слушне, да учествува и да расте.

Со почит и благодарност,
Дамјан Михајлоски

**<u>Кандидати за претседател</u>**

1. Огнен Секулоски

Драги колеги,

Јас сум Огнен Секулоски, студент во четврта година на насоката КТИ и со ова писмо ја искажувам мојата мотивација за претседател на ФСС ФЕИТ.

Карактерните особини што претставуваат предуслов да се биде инженер, се оние што во мене ја будат креативноста, желбата да бидам проактивен и да оставам позитивен впечаток. Гледам можност преку ФСС да бидам глас на студентите – да застапувам идеи, да решавам проблеми и да создавам иницијативи што ќе имаат долгорочен позитивен ефект.

Моето досегашно искуство како дел од ФСС ми покажало дека не можам да одолеам на можностите да се создаде нешто што ќе има позитивно влијание, не само за нашата заедница на факултетот, туку и пошироко.. Како претседател на ФСС ФЕИТ, ќе бидам насочен кон создавање динамична и инспиративна средина што го подобрува секојдневниот живот на студентите. Главниот фокус ќе биде на рамномерна распределба на работата меѓу сите членови на ФСС, волонтерите и ентузијастите, со цел зајакнување на чувството на еднаквост и вклученост во носењето одлуки, како и создавање еднакви можности за сите студенти.

Ќе се вложувам за подобрување на ефикасноста и транспарентноста во работата на сите релевантни тела за студентите – почнувајќи од ФСС, до студентската служба и Деканатот. Преку подобрување на постоечките системи за евалуација на работа на професорите и управата, ќе обезбедиме постојана комуникација и соработка помеѓу студентите и кадарот, со цел трајно унапредување на состојбата на студентите во академската средина.

Ќе се посветам на организирање активности што ќе ги поврзат студентите со релевантни компании, професионалци од индустријата и ентузијасти. Со тоа ќе се отвори директен пристап до можностите во нашата област. Истовремено, ќе организираме работилници за развој на професионалните и личните вештини, вклучувајќи и теми како психичкото и физичкото здравје, кои не се дел од наставната програма, но се клучни за секојдневниот живот. Аспектот што сигурно нема да биде заборавен е социјалниот и културниот живот на Факултетот, кој ќе продолжиме да го развиваме во насока што сите ја посакуваме. Бруцошката забава и наредната година ќе биде уште подобра од претходната, а електро-журките ќе останат нашиот регуларен издувен вентил. Ќе продолжиме да ги пиеме нашите кафиња во сончевиот двор, да се собираме, да се дружиме и да создаваме спомени што ќе останат со нас и по завршување на Факултетот. Ќе учествуваме на уште повеќе конгреси, саеми, работилници и други настани, како дома, така и во странство. Тие ќе ни овозможат дружење и ќе ја истакнат уникатноста на студентите од нашиот Факултет како креативна и перспективна заедница.

Моето досегашно искуство во ФСС-ФЕИТ, стекнато преку два мандати – како претседател на Комисијата за култура во прва година и претседател на Комисијата за  комуникација и соработка во трета година, ми овозможи да ги усовршам организациските и лидерските вештини. Улогата на иницијатор и активен учесник во проекти како Бруцошка@ФЕИТ и Science@FEIT, кои низ годините прераснаа во значајни настани со меѓународен карактер, ми втемели драгоцено искуство во планирање и реализација на активности со долгорочно позитивно влијание.

Преку овие активности воспоставив важни професионални и лични контакти – од членови и претседатели на други студентски собранија и заедници, до професионалци од врвни компании, кои со задоволство се вклучуваа како спонзори на нашите настани. Дополнително, соработката и пријателствата со колегите од

електро факултетите во регионот создадоа можности за патувања, размена на искуства и стекнување нови меѓународни познанства, кои ќе придонесат за нашата меѓународна препознатливост и напредок.

Благодарение на сите овие искуства, сигурен сум дека можам успешно да ја водам работата на Собранието и да придонесам за неговиот раст и развој. И се разбира, да влијаам позитивно на квалитетот на студентскиот живот на нашиот факултет.

Со почит,

Огнен Секулоски

2. Марко Доневски

Почитувани колеги,

Јас сум Марко Доневски, студент во трета година на насоката ЕАОИЕ. Студентското собрание претставува место од каде започнуваат промените. Она што отсекогаш сум го чувствувал како најсилна емоција, биле желбата и поривот да придонесам за подобро утре на заедницата во која членувам. Да се биде претседател на ФСС е особена чест, но и енормна одговорност. Одговорност за која се чувствувам подготвен и ентузијастичен. Како човек кој ги почитува сегашните авторитети и правила, но и некој кој се стреми секогаш кон воведување на нешто ново, кое ќе значи и подобро, сметам дека ФСС е можноста и патот до подобрување на студентската работна и социјална околина.

Транспарентност, инклузивност, квалитет- претставуваат мое мото и основни вредности кои ќе ги застапувам. На факултетот, секој студент ги има истите права и неговиот глас треба да биде подеднакво слушнат. Преку анкети и предлози, ажурирана и уште помодерна веб-страна за која ќе се залагам, студентите ќе имаат секојдневен пристап и можност за активно учество во сите активности на Собранието. Сè со цел студентот да ја согледа неговата важност и еднаквост во одлучувањето за личното подобро утре. Кога станува збор за подобрување на квалитетот на студирањето, во мојата програма не постојат граници. Поддршката од секаков аспект за настаните од областа на: роботика, обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност се неминовна точка за која ќе се вложувам. Додека пак, преку идејата за студентско списание и дебатен клуб, гласот за ФЕИТ ќе се слушне уште подалеку, притоа давајќи ја најголемата придобивка-ние, студентите, да добиеме едукација која не се стекнува со типичниот начин на учење, а е сериозна алатка која нè гради како професионалци и комплетни личности. Можеби и најважно од сè, е моето залагање кон зголемување на можностите за професионален и академски развој, преку организација на настани низ кои студентите ќе имаат шанса да се запознаат и да ги истакнат своите вештини пред лица од водечки компании во области кои се изучуваат на ФЕИТ, со што ги прошируваат своите шанси за професионален напредок денес и во иднина.

Алатки со кои ќе се послужам за да ја изреализирам во целост мојата програма, која само делумно е прикажана преку ова писмо, се мојата истрајност, лидерски способности, но пред сè тимски дух и работливост, со што ветувам дека студентите на ФЕИТ ќе имаат организациско тело кое нема да пропушти прилика достојно да ги претстави. Како мое најсилно оружје ја издвојувам бескрајната ентузијастичност и желба, ФЕИТ да продолжи да блеска во уште посветол сјај!

Со почит,

Марко Доневски

3. Стефан Вуловски Иванов

Почитувани колеги,

јас сум Стефан Вуловски Иванов студент на четврта година на смерот ЕАОИЕ, кандидат за претседател на ФСС. Како студент на ФЕИТ секогаш сум бил мотивиран од можноста да ја надградам мојата академска и професионална кариера затоа што оваа област не е само техничка дисциплина, туку е и платформа за создавање на одржлива иднина.

Во текот на моите досегашни студии активно учествував во: Студентската конференција за енергетска ефикасност и оддржлив развој (СКЕЕОР) како учесник со труд во 2023 г. и во организацијата на СКЕЕОР во одделот на Меѓународна комуникација во 2024 г; Инженерскиот натпревар „ИН“ во Костал во 2022 г. со освоено прво место; Балканскиот конкурс „Го бараме новиот Тесла“ со награден проект; Иновациски камп; Меѓународните конференции МЕФ и ЗЕМАК; Уредник на студентското списание „Авангарда“ на УКИМ. Овие активности придонесоа за проширување на моите хоризонти, за развој на личното чувството на одговорност и тимска работа, и севкупно ми помогнаа да ги усовршам моите комуникациски и организациски способности.

Мојата визија за работа на Собранието е:

-Создавање на поголема интеракција меѓу студентите и индустријата, преку организирање на работилници, гостувачки предавања, посети на компании и платени студентски пракси

-Поттикнување на иновации и истражувања, преку иницирање на проекти кои ќе им овозможат на студентите да ја применат теоријата во пракса

-Зајакнување на заедништвото меѓу студентите од сите студиски години, планирање и изведување на настани од научен и забавен карактер

-Поедноставување на комуникацијата помеѓу студентите и наставниот кадар

-Креирање на Форум каде студентите ќе ги споделат своите искуства,новости и идеи

Сите знаеме дека патот на студентот не е лесен. Се соочуваме со предизвици, од академските обврски до личните борби. Но, тоа што нѐ прави посебни е нашата способност да се издигнеме над тие тешкотии, да се инспирираме еден од друг и да го покажеме најдоброто од себе. Верувам дека студентскиот лидер треба да биде пример за останатите студенти, да ја поттикнува нивната мотивација и да создава позитивна академска атмосфера инспирирајќи ги да го искористат својот потенцијал. Секој од нас има моќ да направи промена. Мојата визија е да ги обединиме нашите таленти, да создадеме амбиент каде иновацијата, солидарноста и ентузијазмот ќе бидат основата на нашиот успех кој ќе резултира во создавање на подобар факултет, подобра заедница и подобро општество.

Драги колеги, ве повикувам да верувате во себеси и во нас како колектив. Заедно можеме да ги надминеме бариерите, да ги прошириме хоризонтите и да изградиме патишта за нас и генерациите што доаѓаат по нас.Со вашата поддршка, и со нашата заедничка енергија, убеден сум дека можеме да направиме нешто големо. Лидерството не е за еден човек, туку за тим.

Ви благодарам што верувате во иднината и што сте подготвени да бидете дел од неа. Ќе ми биде чест да ја преземам оваа улога и да ја оправдам вашата доделена доверба!